Заштита на правата на мигрантите кои поминуваат низ Македонија и Србија

# Месечен извештај за човекови права на мигрантите, бегалците и барателите на азил во Србија и Македонија – Септември 2017

**Целта на овој Извештај е да ја претстави моменталната состојба во врска со заштитата на човековите права и слободи на мигрантите, бегалците и барателите на азил кои поминуваат или престојуваат во Србија и Македонија. Податоците во овој Извештај се добиени од 24 граѓански организации од Србија и Македонија, во рамките на мрежата „Помош на рутата“.**

## Состојбата во Србија

Мигрантите кои престојуваат во Србија се или во процес на барање азил или се уште престојуваат во прифатните центри и центрите за азил само со полициски сертификати со изразена намерата за барање азил. Меѓу нив има и такви кои сè уште размислуваат дали да останат во Србија и да поднесат барање за азил, додека други чекаат на ред да ја преминат границата со Унгарија. Меѓутоа, некои сепак успеваат да стигнат до посакуваните дестинации со помош на криумчарење, што е јасен знак дека ова кривично дело сè уште не е искоренето.



*Деца од Прифатниот Центар Адошевци одат на училиште придружени од цораработник во неладина организација(Фотографија: NSHC)*

Фактот дека голем број малолетници без придружба и други ранливи категории се изложени на закани и злоупотреби од страна на криумчари претставува посебен проблем во тој контекст.

> Бројот на бегалци и мигранти во Србија на крајот на септември изнесување 4.146 ((податоци на УНХЦР). Повеќето од нив (92%) се сместени во 18 прифатно-транзитни центри и центри за азил, додека други се во Белград или во пограничните области со Хрватска и Унгарија. Во споредба со август, бројот на бегалци и мигранти не е значително променет. Во текот на месец септември забележано е зголемување на бројот на нови пристигнувања, главно јазиди од Ирак кои доаѓаат во Белград од правец на Бугарија. Најголем број се семејствата со деца, што ги прави особено ранливи. Многумина се обидуваат илегално да ја преминат границата со Хрватска или Унгарија, а во последниве месеци границата со Босна и Херцеговина.

Република Србија продолжува со овозможување поддршка за мигрантите во согласност со можностите и достапните средства. Во септември немало барања за овозможување на пристап до постапката за азил од страна на полициски службеници од Министерството за внатрешни работи. Мигрантите имаат можност да бидат информирани од организациите кои активно работат на терен. За време на посетите на прифатните центри и центрите за азил, тие исто така им даваат информации на мигрантите со помош на брошури на нивниот мајчин јазик, додека во центрите се прикажани постери со броеви каде што можат да побараат правна помош секогаш кога им е потребна.

Во прифатните центри и центрите за азил во моментов има помал број мигранти – значително под максимумот на целосниот капацитет за сместување. Условите за сместување се задоволителни и некои мигранти изјавија дека „имаат многу подобри услови за живеење таму отколку што имале во своите домови“.

Неколку стотици бегалци, баратели на азил и мигранти сè уште се „надвор од системот", најчесто во информативните засолништа во близина на Шид и места во областа околу границата со Унгарија. Тие се обидуваат да најдат начин да ја преминат границата и условите за живот се нехигиенски и небезбедни. Нивното видливо присуство во близина на населените места предизвикува страв, вознемиреност и незадоволство на локалното население.

Обезбедувањето здравствена заштита на мигрантите регистрирани и сместени во прифатните и центрите за азил во Србија се спроведува на координиран и ефикасен начин. Институтите за здравствена заштита вршат редовни инспекции на хигиенските услови, квалитетот на водата, квалитетот на храната и услови за сместување. Според резултатите од овие инспекции, условите се на соодветно ниво.

## Децата бегалци започнуваат со училишна настава

„Мојот син почна да оди на училиште". Кога се одржа состанок со родителите, беа поканети само мажи и никој не побара мислење од нас, мајките. Ми се допаѓа фактот дека моето дете оди на училиште. Кружат гласини дека ќе не спречат да продолжиме, но би сакала нешто да научи." *М. од Авганистан*

Процесот на вклучување на децата од прифатните и центрите за азил во основните и средните училишта започна на 1 септември 2017 година. Околу 350 вработени од училиштата на територијата на девет училишни администрации (Нови Сад, Лесковац, Нови Пазар, Краљево, Ниш, Ваљево, Сомбор, Зрењанин и Белград) добија детални инструкции за спроведување на Експертското упатство и педагошки инструкции. Комесаријатот за бегалци и миграции и училишните администрации ги распределија децата во училиштата, земајќи го во предвид јазикот, возраста, фактот дали тие веќе посетувале училишта во Србија, како и одржување на семејната заедница, во соработка со невладините организации кои работат со деца во прифатни центри и центри за азил.

Во текот на првата недела, децата беа воодушевени од приемот од наставниците и другите деца:
„**Имам многу пријатели**, секој сака да си игра со мене!" Х.С. (11)
„Двајца пријатели ме поканија да **одам со нив** на школскиот одмор". З.А. (8)
„**Сите сакаат да седат со мене**". Н.С. (10)

Во моментов, децата посетуваат 40 училишта, иако средните училишта сè уште се приклучуваат (Министерството наложува упис само во училишта со слободни места бидејќи средното образование не е задолжително). Менторите како надворешни соработници на училишните администрации го следат процесот во секое училиште и редовно известуваат за истиот. Се подготвуваат нови обуки и финансиска поддршка за училиштата. Отпор кон вклучување на децата беше забележан само во општината Шид (Адашевци), но Училишната управа во Нови Сад спроведе серија разговори со родителите и претставниците на општината и децата почнаа да одат во училиштата. Според класните наставници и оние кои предаваат на повисоки одделенија, сè поминува во најдобар можен ред и другите деца добро ги прифаќаат своите врсници.

Децата посетуваат настава на српски јазик. Тие се запознаени со основните термини и зборовите на српски, а постарите деца исто така зборуваат англиски, така што немаат никакви проблеми во комуникацијата со наставниците. Наставата е прилагодена на нивните потреби; во текот на месец септември имаа по три часови дневно, а на сите деца им беа обезбедени превоз, училишни додатоци и ручеци.

Нееднаков квалитет на наставата е најголемиот проблем: во некои училишта, децата имаат добар распоред, а во други тие посетуваат настава врз основа на принципот „што се случува во моментот". Со помош на ментори, училишните администрации се обидуваат да ги поттикнат училиштата да го прилагодат наставниот процес на потребите на децата. Учењето на српски јазик сè уште не е стандардизирано и секое училиште го користи пристап по свој избор Јазикот е пречка во училиштата каде наставниците не зборуваат англиски јазик.

**Дискриминација**

Случаите на дискриминаторско однесување кон мигрантите се најчести при обезбедување на услуги во угостителски објекти и јавен превоз. Потенцијалната дискриминација постоеше на начин што лицата бегалците, мигрантите и баратели на азил немаа можност за пристап до угостителски објекти или возила, или од нив беше побарано да не посетуваат одредени угостителски објекти. Причината за ваквото однесување, како што е наведено од страна на сопствениците на угостителски објекти, е наводниот страв од уништување на опрема или предизвикување инциденти (тепачки, расправии). Во врска со тоа прашање, до Комесарот беа поднесени молби за заштита на еднаквоста и постапките се во тек.

## Состојбата во Македонија

Во Македонија бројот на бегалци кои транзитираат е намален, но фреквенцијата останува иста. Семејства или помали групи пристигнуваат во кампот во Табановце секој ден. Бројот на бегалци во транзитниот камп Табановце во септември 2017 година достигна до 27, од кои осум беа малолетници без придружба. Најчесто нивниот страв е да бидат вратени во Грција. Забележливо е дека селективниот прием на бегалците во кампот во Табановце е прекинат, т.е. сите бегалци кои пристигнуваат се примени во кампот, без оглед на нивното потекло, желба да останат во кампот или да сакаат да бидат вратени во Грција.



*Транзитен камп Табановце, Куманово (Фотографија: МХК)*

Двајца малолетници без придружба беа донесени во кампот Табановце од мобилниот тим на Црвениот крст од селото Лојане. Тие велат дека престојувале во Србија (најмногу во Шид и Белград) околу десет месеци. По многу неуспешни обиди за преминување на српско-хрватската граница, одлучиле да се вратат без никаква надеж за продолжување напред.

Бегалците кои доаѓаат најчесто се Алжир, Мароко или Пакистан. Во голем дел од случаите, групите кои пристигнале во кампот, привремено го напуштиле кампот во обид да ја преминат македонско-српската граница. Понекогаш се враќаат по краток временски период (истиот или следниот ден), што значи дека нивниот обид е неуспешен или не се враќаат во кампот, што значи дека ги преминале границите.

Во транзитниот камп во Гевгелија, бројот на бегалците најмногу достигнал 18, но поради доаѓањето и заминувањето на различни групи или поединци, до крајот на месецот, само 4 бегалци останаа во кампот. Доминантните земји на потекло на бегалците во кампот се Пакистан, Авганистан, Ирак или Бангладеш.

На бегалците редовно и навремено им се овозможува медицинска помош или преглед, а доколку е потребно, се пренесуваат во болница или преку мобилни тимови на Црвениот крст или директно. Постојат редовни прегледи на гинеколог за бремени жени и достапен педијатар за децата.

Со оглед на намалувањето на бројот на деца (и бегалци воопшто) присутни во транзитните кампови, има се помалку и помалку образовни и рекреативни активности од страна на граѓанските организации.

Трендот на движење на големи групи бегалци е загрижувачки и треба внимателно да се следи од страна на владините институции. Бегалците во групи обично се жртви на криумчари кои ги измамуваат, ги ограбуваат и често ги напаѓаат физички.

## Присилни враќања и нелегална депортација

Во текот на септември, вкупно 66 бегалци беа донесени во кампот во Гевгелија (9 во полициската станица во Гевгелија), кои беа вратени во Грција откако беа испрашувани од полициските службеници. Повеќето од нив беа фатени од полицијата на нелегални патишта како жртви на криумчари и мал број беа вратени од Србија и изразија желба да се вратат во Грција.

Интересно е тоа дека во изминатиот месец имало 3 случаи на поголеми групи до 35 бегалци, кои биле фатени на нелегални патишта од страна на полицијата. Во врска со ова, на 6 септември полицијата наиде на група од 30 бегалци, исклучиво машки лица чие потекло не беше потврдено. Тие биле фатени на самата граница во обид да влезат во земјата. Дваесет и еден од нив беа однесени во кампот, додека останатите беа однесени во полициската станица во Гевгелија. Хуманитарната помош им беше обезбедена од страна на Црвениот крст и за кратко време групата беше вратена назад во Грција. Кон крајот на месецот, на 9 септември, група од 23 бегалци со потекло од Пакистан и Сирија беа заробени од полицијата на нелегални патишта во околните села. Сите беа донесени во кампот, регистрирани од страна на полицијата и личните предмети на секое лице поединечно беа проверени од страна на полицијата.

# ПРЕПОРАКИ

## *За Србија:*

- Потребно е да се продолжат напорите за да се обезбеди почитување на правото на азил или пристап до постапката за добивање азил, како и за ефикасна постапка за азил и заштита на лица на кои им е потребна меѓународна заштита.
- Треба да се обезбеди соодветна заштита за оние бегалци и мигранти кои се надвор од системот, кои не се регистрирани и сместени, на начин што ќе им овозможи да ги остварат своите основни права.
- Спречување на криумчарење и трговијата со луѓе останува високо на листата на приоритети, со напори за спречување на малтретирање на бегалци и мигранти од страна на властите или цивилното население на бегалската рута.
- За ефикасно обезбедување на сеопфатна помош е потребна координација на активностите помеѓу граѓанските организации и службите за јавни услуги. Спроведувањето и ефектот на активностите се на највисоко ниво доколку се распределат помеѓу сите клучни чинители.
- Активностите за дисеминација, поврзување, учење и интеркултурна размена се од големо значење за да се надминат разликите помеѓу локалните и бегалските заедници. Во контекст на почетокот на учебната година, важно е информирањето и соработката со родителите на локалните деца и децата-бегалци, со цел тие подобро да се подготват и да се спречат недоразбирањата, предрасудите и стравовите.
- Основните човекови права и слободи на бегалците и мигрантите треба да бидат промовирани, набљудувани и заштитени во секое време од страна на сите институции и граѓани.
- Потребно е да се вложат напори за спречување на дискриминацијата на мигрантите и соодветно справување со случаи на докажана дискриминација, така што истите да не се повторуваат.
- Во прифатните центри и центрите за азил постои голема потреба од организација на слободното време и обезбедување на професионални, рекреативни и други активности за мигрантите.

## *За Македонија:*

- Рекреативните и образовните активности во рамките на кампoвите треба да продолжат без оглед на бројот на мигранти и нивната возраст.
- Треба да се прекине практиката на нелегални, групни, присилни враќања на мигранти. Тие претставуваат кршење на основните човекови права и слободи на мигрантите, нехуман третман. Сите постапки за враќање мора да бидат во согласност со стандардите за човекови права и спроведени со соработка меѓу државите.

Оваа публикација е произведена со поддршката на Европската Унија, во рамките на проектот „ПОМОШ НА РУТАТА – Заштита на правата на мигрантите кои поминуваат низ Македонија и Србија“. Содржината од оваа публикација се единствена одговорност на Фондацијата Ана и Владе Дивац, и во ниту еден случај не ги изразуваат ставовите на Европската Унија.
Имплементација на проектот: